РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
Бр. 04-4821/13
24-08-2018 20 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 52 став (1), став (2) и став (5) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), а во врска со член 5 став (10) од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административаната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/15 и 35/18), државниот секретар, донесе

## О Д Л У К А

1. Административниот службеник **ЗОРИЦА СТЕФАНОВСКА** се избира за извршител на работните задачи за работно место:

**01. УПР0101В01000 советник за мобилизација, популаризација на воен позив, воведување во воена евиденција и пополна со резервен состав на Одделение за одбрана за регионот Битола во градот Ресен во Одделение за одбрана за регионот Битола со градовите: Битола, Демир Хисар и Ресен во Сектор за цивилно-воена соработка со регионални центри за одбрана** - 1 извршител.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на Комисијата за селекција за унапредување, одредена со решение на државниот секретар бр.04-4820/4 од 16.08.2018 година, на ден 23.08.2018 година, во просториите на Министерството за одбрана се спроведе административна селекција по Интерен оглас 08/2018 година бр.04-4821/1 од 09.08.2018 година, објавен на ден 15.08.2018 година за работно место 01. УПР0101В01000 советник за мобилизација, популаризација на воен позив, воведување во воена евиденција и пополна со резервен состав на Одделение за одбрана за регионот Битола во градот Ресен во Одделение за одбрана за регионот Битола со градовите: Битола, Демир Хисар и Ресен во Сектор за цивилно-воена соработка со регионални центри за одбрана - 1 извршител.

Согласно Записник бр. 03-4821/11 од 23.08.2018 година од спроведената административна селекција за интерен оглас, одржана на ден 23.08.2018 година, утврдено е дека за наведеното работно место се пријавил еден кандидат, административниот службеник Зорица Стефановска, помлад соработник-систем инженер за оперативни системи и бази на податоци во Одделение за управување со ИТ инфраструктура во Сектор К-4.

Од спроведената административна селекција, констатирано е дека наведениот кандидат е уреден и дека со истиот ќе се спроведе интервју.

Со административниот службеник Зорица Стефановска, Комисијата за селекција за унапредување спроведе интервју и состави финална ранг листа која е составен дел на Записникот од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр.03-4821/9 од 23.08.2018 година, со што именуваната е прворангирана и воедно е единствен кандидат за унапредување за наведеното работно место.

Врз основа на горенаведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба преку Министерството за одбрана до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување во втор степен по жалби и приговори на административните службеници во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката.

Жалбата го одлага извршувањето на одлуката.

Изработил: Тони Костески
Контролирал: Ирена Станковска
Согласен: полковник Маријо Јуришиќ
Одобрил: Васил Зимбаков

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**
**Драган Николиќ**

Доставено до:
- Државен секретар (копија бр.1)
- Кандидатот (копија бр. 2 и 3)
- СКАОП (копија бр.4)
- СЧР (копија бр. 5) и
- Архива.